Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

# Програма за зачувување на природата во Северна Македонија - фаза 2

## Насоки за аплицирање за Јавен повик за поддршка на старт-ап бизниси за развој на еко-туризам и промоција на ИПР како туристичка дестинација

јули 2019 година

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ФАРМАХЕМ
FARMAHEM

**1. Вовед**

Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2 (во понатамошниот текст Програмата) е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation – SDC), координиран од страна на Фармахем, Скопје. Програмата е креирана со цел да ѝ помогне на Република Северна Македонија во зачувување на големата биолошка разновидност и природните еко системи преку промоција на нивното одржливо користење и управување. Времетраењето на втората фаза на програмата е од 2017 до 2020 година.

Главната цел на Програмата ќе придонесе Брегалничкиот регион да ги сочува природните вредности и промовира одржлив и инклузивен социо-економски развој. На оваа генерална цел се работи преку сосредоточување на следните резултати:

1. Институциите на сите нивоа ефикасно го спроведуваат националното законодавство за зачувување на природата и интегрирано управување со природните ресурси;
2. Регионален пристап за зачувување на природата и одржлив развој на брегалничкиот регион е прифатен и применет од страна на различните заинтересирани страни;
3. Населението и МСП од брегалничкиот регион нудат еко-туристички активности/ услуги и продаваат производи што се добиени на одржлив и социјално инклузивен начин.

Главни партнери во втората фаза на Програмата, коишто ги спроведуваат програмските активности се: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈП „Национални шуми“, Шумарски факултет во Скопје, Македонско еколошко друштво и Универзитетот за применети науки во Берн, Швајцарија.

Стратешки партнер на Програмата е Центарот за развој на Источен плански регион (во понатамошниот текст ЦРИПР), установа која ги претставува и застапува општините во ИПР и нивните интереси.

Главните предизвици за зачувување на природата и интегрираното управување со природните ресурси се: намалување на сиромаштијата, креирање на поволна клима за зачувување на природата (подобрување на меѓусекторската соработка, вмрежување на локално ниво, обезбедување на финансиски средства), промовирање на бенефитите од зачувувањето на природата за социо-економскиот развој (промовирање на идејата за „зелена“ економија), дополнување и имплементација на клучни стратешки документи поврзани со еколошкиот сектор, воспоставување на целосно функционален систем на заштитени подрачја, утврдување на еколошки коридори, навремена имплементација на претпристапни ЕУ стандарди поврзани со зачувување на природата.

Во првата фаза на Програмата (2012-2016), одржливиот туризам беше прифатен како концепт за развој на Источниот плански регион, преку изработка на Студија за потенцијали за развој на туризмот и Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025). Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион е стратешки документ усвоен од Советот за развој на Источниот плански регион и дава јасна визија за тоа како одржливиот туризам може да го зголеми економското и социјално влијание во регионот. Оваа визија е: Во следните неколку години, Источниот плански регион ќе создаде неколку туристички дестинации, чии производи ќе се базираат на природното и културното наследство на регионот и традицијата на луѓето што живеат тука; производи препознаени според нивниот квалитет и целосно прилагодени на барањата и потребите на современите туристи.

Во втората фаза, Програмата е фокусирана на зајакнување на капацитетите на засегнатите страни (ЦРИПР, општините, понудувачите на услуги и т.н.) за развој на еко туризам, подготовка на промотивни материјали, како и за имплементација на активностите од Стратегијата за развој на Источниот плански регион.

## 2. Цели

Главната цел на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2 преку овој јавен повик е да ја зајакне соработката со приватниот сектор преку поддршка на старт-ап бизниси во насока на развој на еко туризам и промоција на регионот како туристичка дестинација, во согласност со Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025).

## 3. Критериуми за учество

Апликанти

Во рамките на овој повик за предлози, подобни апликанти кои можат да поднесат концепт идеи се лица со постојано место на живеење во општините во Источен плански регион, кои имаат претприемнички дух и визија за започнување на сопствен бизнис која ќе придонесе кон развој на еко туризам во Источен плански регион. Приоритетен фокус на овој Јавен повик ќе бидат младите невработени лица и жените. Јавниот повик ги почитува начелата на еднаквост и недискриминација по било кој основ.

Предложените концепт идеи треба да обезбедат еднакви можности и недискриминација по било која основа. Треба да се обезбедат механизми за родова еднаквост во подготовката и имплементацијата на предложените активности, како и социјална рамноправност и механизми за инклузија на млади.

Локација

За да биде подобна за финансирање, предложената бизнис идеја мора во целост да се реализира на територијата на Источниот плански регион.

Доколку идејата предвидува и преземање на инвестициски активности поврзани со реконструкција / адаптација на објекти, потребно е да се приложи имотен лист.

Активности

Јавниот повик е ориентиран кон иновативни идеи кои придонесуваат кон долгорочен развој на close-to-nature туризам, од кој што бенефит ќе има локалното население.

Предлог на области кон кои можат да се фокусираат концепт идеите:

- Развој на туристички услуги, поврзани со воспоставување и фунцкионирање на туристички рути и тематски пакети;
- Употреба на информатички технологии за промоција и обезбдување на туристички услуги;
- Одржливо користење на природните ресурси за собирање и подготовка на производи во контекст на туристичка промоција;
- Промоција на туристичка дестинација (развој на туристички пакети поврзани со дестинација);
- Брендирање на туристички производи;
- Адаптација / реконструкција на сместувачки објекти за туристи (постоечки селски куќи, викендици);

- Адаптација / реконструкција на објекти за подготовка и послужување на традиционална храна;
- Останати идеи во согласност со целите на повикот.

Финансиско учество

Апликантите не се обврзани да обезбедат сопствено финансиско или друг вид на учество. Меѓутоа, охрабруваме апликантите да обезбедат сопствено финансиско учество за реализација на концепт идејата.

## 4. Времетраење на проектот

Селектираниот проект ќе отпочне со реализација после потпишување на Договорот за финансиска поддршка. Максималниот период за реализација на проектот е 12 месеци.

## 5. Процедура за аплицирање

Постапката за селекција на концепт идеите ќе се одвива во 3 фази.

Во **првата фаза** заинтересираните апликанти треба електронски да ги достават своите бизнис идеи до Центарот за развој на Источен плански регион, во кратки црти опишувајќи ја својата замисла, локацијата каде истата ќе се реализира и да ги идентификуваат потенцијалните корисници на неговата услуга или производ.

Во **втората фаза**, селектираните концепт идеи ќе добијат стручна помош од страна на експерт (обука за подготовка на бизнис план и раководење со сопствен бизнис) кој што ќе им помогне при изработката на бизнис план и детален опис на концепт идејата.

Во зависност од концептната идеја, селектираните апликанти ќе треба да приложат и соодветна техничка документација во зависност од типот на инвестицијата (основен проект и предмер пресметка или техничка спецификација).

Во **финалната фаза** ќе бидат селектирани 15 добро изработени бизнис планови кои што ќе добијат финансиска поддршка за реализација на концепт идејата.

Селектираните бизнис планови ќе започнат со реализација по потпишувањето на Договор за финансиска поддршка. Максималниот период за имплементација е 12 месеци.

Во рамките на овој повик, максималната финансиска поддршка која е обезбедена преку Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2 за имплементација на концепт идејата и регистрација на компанија изнесува 287,500 денари без ДДВ.

## 6. Одржливост и долгорочни резултати

Одржливоста претставува многу значаен елемент во рамки на овој повик за поддршка на старт-ап бизнис идеи. Апликантите треба да објаснат како ќе биде обезбедена одржливоста на крајните резултати по завршувањето на финансиската поддршка од Програмата и како ќе се овозможи понатамошно одржување на постигнатите ефекти од реализацијата на бизнис идејата. Апликантите треба да обезбедат гаранција дека сопственикот на локацијата на која се реализирани проектните активности се обврзува после завршување на поддршката да се грижи за одржливоста на резултатите од проектот и да не ја промени намената на инвестицијата во следните 5 години.

**7. Информации за контакт:**

Јасминка Пашалиска Андоновска – jasminka@bregalnica-ncp.mk
Емил Василев – emil.vasilev@eastregion.mk
Андреа Златковска – ecotourism@eastregion.mk